− Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

− Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.

− Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

− Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW, КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

− Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

− Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската Општина Негрево и Црник има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитет.

− При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

− Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19) односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Развој на туризмот

− Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и е дел од простори кои што имаат регионално туристичко значење.

− Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

− Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани со ноќност над 10 MW, КО Црник и КО Негрево Општина Пехчево, се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

− Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

− Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

− При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани КО Црник и КО Негрево Општина Пехчево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

8. МОЖНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ НА ОКОЛНИТЕ ПОДРАЧЈА ИЛИ ПОШИРОКО

Влијанието на околните подрачја кое го имат на поставените фотоволтаични панели е минимално и незначително. При поставувањето на фотоволтаичните електрани треба да се почитуваат одредбите пропишани со законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава.

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација.

9. ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ И ВЛИЈАНИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на фотоволтаични електрани потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Да се внимава надозволеното ниво на бучава за да се избегнат негативните ефекти врз влијанието на животната средина. Создавачите на отпад треба да ги минимизираат штетните влијанија на отпадот врз животната средина и при негово управување по претходна селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или друг процес за екстракција на секундарните суровини, или пак да се искористи како извор на енергија.

При донесување на одлука за спроведување или одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и

забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на РМ.

Со оглед на фактот што во Македонија има многу високо загадување на воздухот поради согорувањето на дрва, нафта и ѓубре за греење, придобивките од воведувањето на фотоволтаични електрани може да се види и преку унапредување и заштита на животната средина со поголема искористеност на природните извори на енергија.

Република Македонија е земја која досега се потпира на цврсти горива со широк опсег на употреба на енергија и главно греење и производство на електрична енергија. Резултатот е високо производство на јаглерод диоксид.

Имајќи во предвид дека енергијата на сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината, при разработка на влијанијата од фотоволтаичните електрани врз животната средина констатирано е дека истите не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Досегашните научни истражувања посочуваат дека единствено негативно влијание по човековатаоколина е потребата од зголемена површина на земјиште за нивно инсталирање.

При реализација на предвидените активности за изградба на фотоволтаични електрани треба да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води.

Со производството на електрична енергија од фототонапонски електрани има позитивно влијание врз животната средина, а нивната употреба индиректно ја намалува емисијата на стакленѝчки гасови.

10. ТЕХНИЧКИ ОПИС НА ЗАФАТОТ

Предмет на овој проект е изработка на фотонапонска централа со номинална моќност над 10 MW за производство на електрична енергија од обновливи извори, во околината на Пехчево. Централата за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, со капацитет над 10 MW се планира да се изведува на терен на прелиминарен плански опфат од 1004853, 4503m², односно 100,49 ха.

При изведбата на централата и изработката на техничката документација целосно ќе се почитуваат условите на локацијата односно поставеноста и ориентацијата на истата и барањата доставени во проектната задача од страна на Инвеститорот.

Соларната фотонапонска технологија ја претвора енергијата од соларната радијација директно во електрична енергија. Фотонапонската ќелија е компонентата која произведува електрична енергија. Фотонапонската ќелија на својата надворешна површина има специјално дизајниран слој кој има својство лесно да ослободува електрони. Кога сончевата светлина (фотоните) ќе удри во овој слој, го стимулира тоа ослободување на електроните (негативно наелектризирани) и тие почнуваат да се движат кон друг слој на соларната ќелија, кој е позитивно наелектризиран, создавајќи електрична струја.

Со поврзување на фотонапонската ќелија во електрично коло, оваа струја може да се искористи за напојување на потрошувач, на пример електрична светилка.

Повеќе фотонапонски ќелии се вградуваат во т.н. ФН панели или модули. ФН модулите потоа се поврзуваат меѓусебно за да формираат поле. Модулите се поврзуваат сериски во низи а потоа и паралелно за да се испорача бараниот напон и струја на полето. Полето генерира права струја (DC) која потоа со помош на инвертор се претвора во наизменична струја (AC) за да може непосредно да се користи или да се транспортира преку електричната мрежа. Големината на фотонапонските системи (централи) се движи од мали резиденцијални (2-10 kW), комерцијални (100-500 kW) до големи инфраструктурни (10+ MW).

Типичен PV систем е составен од неколку клучни компоненти вклучувајќи:

- PV модули
- Инвертор
- Останати компоненти на системот.

11. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА ОПРАВДАНОСТ НА ЗАФАТОТ, ИНВЕСТИЦИЈАТА И УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Финансискиот бенефит е тесно поврзан со зголемувањето на потрошувачката на електрична енергија и економскиот раст на државата и регионот кој пак се должи наконкурентноста на пазарот на производство на електрична енергија, со оглед дека производството на електрична енергија е приходна дејност.

Периодот на изградба се проценува на 2 години: едната за проектирање и развој и втората за градење

Проценетиот век на траење на опремата е 30 години.

- Животниот век на другите објекти се проценува на 50 години.

- Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 46 000 000 евра.

Клучните параметри кои можат да влијаат на изводливоста се:

Цената на енергијата на слободен пазар

Вредноста на инвестицијата

Оперативни трошоци


Како што може да се забележи, најсилно влијание на ИСП има отстапувањето на цената на енергијата, а слично влијание има и отстапувањето на почетната инвестиција. Влијанието на отстапувањето на оперативните трошоци е со помал интензитет.

Најголемиот ризик е цената на електричната енергија на слободниот пазар, иако предвидувањата на повеќе организации велат дека истата ќе расте во наредните 10 години на Европскиот пазар.

II. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

- ПОДРАЧЈЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат е лоциран на територијата на Општина Пехчево на околу 7 км оддалеченост од Пехчево. Земјиштето е на надморска висина од 930 м до 1166 м. Во предметниот прелиминарен опфат влегуваат дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2 КО Црник, дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3 КО Негрево - Општина Пехчево.



Во рамките на границите на прелиминарниот планскиот опфат влегуваат катастарските парцели дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2 КО Црник, дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3 КО Негрево - Општина Пехчево со следниве координати:

1	X	=	4630219.8800	Y	=	7657495.1000
2	X	=	4630263.2900	Y	=	7657499.9500
3	X	=	4630312.8100	Y	=	7657500.3800
4	X	=	4630300.4000	Y	=	7657471.4700
5	X	=	4630301.0600	Y	=	7657420.7200
6	X	=	4630326.5500	Y	=	7657424.6600
7	X	=	4630345.4000	Y	=	7657396.4800
8	X	=	4630373.7800	Y	=	7657400.2600
9	X	=	4630390.9700	Y	=	7657391.1800
10	X	=	4630418.1600	Y	=	7657390.6700
11	X	=	4630421.1700	Y	=	7657359.7700
12	X	=	4630421.4700	Y	=	7657323.8300

13	X	=	4630406.2800	Y	=	7657293.0100
14	X	=	4630423.8100	Y	=	7657264.3400
15	X	=	4630474.5600	Y	=	7657150.9500
16	X	=	4630556.9900	Y	=	7656981.3900
17	X	=	4630554.0400	Y	=	7656963.3500
18	X	=	4630559.3800	Y	=	7656951.3300
19	X	=	4630592.8300	Y	=	7656944.2200
20	X	=	4630624.8900	Y	=	7656876.3600
21	X	=	4630627.2600	Y	=	7656844.2400
22	X	=	4630620.5800	Y	=	7656827.3800
23	X	=	4630664.7000	Y	=	7656737.4000
24	X	=	4630696.7800	Y	=	7656739.4700
25	X	=	4630716.9900	Y	=	7656718.0600
26	X	=	4630735.9800	Y	=	7656702.9700
27	X	=	4630733.9924	Y	=	7656693.9564
28	X	=	4630731.2100	Y	=	7656694.5700
29	X	=	4630725.7700	Y	=	7656695.5200
30	X	=	4630720.1100	Y	=	7656696.2600
31	X	=	4630713.3500	Y	=	7656696.2000
32	X	=	4630702.8300	Y	=	7656694.7500
33	X	=	4630691.6300	Y	=	7656693.7700
34	X	=	4630674.3100	Y	=	7656692.0800
35	X	=	4630666.9100	Y	=	7656690.9100
36	X	=	4630658.7200	Y	=	7656688.2400
37	X	=	4630650.6300	Y	=	7656684.1200
38	X	=	4630641.5400	Y	=	7656678.7800
39	X	=	4630639.3700	Y	=	7656677.7200
40	X	=	4630631.1100	Y	=	7656674.9900
41	X	=	4630627.1100	Y	=	7656672.8200
42	X	=	4630621.7700	Y	=	7656667.8400
43	X	=	4630614.9700	Y	=	7656668.3600
44	X	=	4630609.1600	Y	=	7656667.5500
45	X	=	4630601.4700	Y	=	7656666.0300
46	X	=	4630596.9500	Y	=	7656665.8200
47	X	=	4630584.8700	Y	=	7656665.4000
48	X	=	4630568.0900	Y	=	7656665.2700
49	X	=	4630555.8800	Y	=	7656665.0900
50	X	=	4630550.8200	Y	=	7656664.3100
51	X	=	4630544.5600	Y	=	7656662.6600
52	X	=	4630536.7800	Y	=	7656660.7500
53	X	=	4630525.3800	Y	=	7656657.5900
54	X	=	4630518.2300	Y	=	7656655.0400
55	X	=	4630511.6400	Y	=	7656651.9000
56	X	=	4630501.5600	Y	=	7656647.6500

57	X	=	4630497.5700	Y	=	7656646.8800
58	X	=	4630494.5500	Y	=	7656644.8300
59	X	=	4630488.9000	Y	=	7656639.9900
60	X	=	4630483.8300	Y	=	7656633.0200
61	X	=	4630479.0300	Y	=	7656627.3900
62	X	=	4630473.4700	Y	=	7656622.4500
63	X	=	4630465.7100	Y	=	7656617.6700
64	X	=	4630460.5200	Y	=	7656614.9100
65	X	=	4630452.9300	Y	=	7656611.2100
66	X	=	4630447.4800	Y	=	7656607.7700
67	X	=	4630440.4000	Y	=	7656602.1400
68	X	=	4630430.4100	Y	=	7656594.0200
69	X	=	4630424.5400	Y	=	7656589.9800
70	X	=	4630417.6300	Y	=	7656585.8900
71	X	=	4630412.9200	Y	=	7656583.4300
72	X	=	4630403.6500	Y	=	7656579.8700
73	X	=	4630398.0900	Y	=	7656577.7300
74	X	=	4630392.5700	Y	=	7656575.9200
75	X	=	4630387.9300	Y	=	7656574.7100
76	X	=	4630385.2500	Y	=	7656573.8400
77	X	=	4630375.4400	Y	=	7656571.3300
78	X	=	4630369.1600	Y	=	7656570.0600
79	X	=	4630358.8200	Y	=	7656568.6900
80	X	=	4630347.9900	Y	=	7656567.6400
81	X	=	4630336.9800	Y	=	7656566.0700
82	X	=	4630330.8700	Y	=	7656564.6900
83	X	=	4630323.7200	Y	=	7656562.7900
84	X	=	4630315.7800	Y	=	7656559.6000
85	X	=	4630309.7800	Y	=	7656556.9800
86	X	=	4630302.8500	Y	=	7656553.2000
87	X	=	4630295.3500	Y	=	7656549.2300
88	X	=	4630290.1200	Y	=	7656546.5200
89	X	=	4630284.1700	Y	=	7656543.0100
90	X	=	4630278.9600	Y	=	7656540.3600
91	X	=	4630272.6400	Y	=	7656537.6700
92	X	=	4630264.6500	Y	=	7656534.8400
93	X	=	4630255.5800	Y	=	7656532.1000
94	X	=	4630248.9700	Y	=	7656530.3600
95	X	=	4630238.1100	Y	=	7656527.3900
96	X	=	4630223.3300	Y	=	7656523.2400
97	X	=	4630209.0100	Y	=	7656519.0900
98	X	=	4630196.4200	Y	=	7656514.7900
99	X	=	4630185.0000	Y	=	7656510.4900
100	X	=	4630178.3700	Y	=	7656508.2200

101	X	=	4630168.6900	Y	=	7656505.2200
102	X	=	4630159.9600	Y	=	7656502.1400
103	X	=	4630149.6200	Y	=	7656498.7200
104	X	=	4630138.2000	Y	=	7656494.5200
105	X	=	4630129.9800	Y	=	7656490.8600
106	X	=	4630123.1100	Y	=	7656487.4000
107	X	=	4630112.0700	Y	=	7656482.3000
108	X	=	4630105.5500	Y	=	7656479.3700
109	X	=	4630100.7800	Y	=	7656477.4300
110	X	=	4630096.8200	Y	=	7656476.2000
111	X	=	4630092.5600	Y	=	7656475.0000
112	X	=	4630084.6000	Y	=	7656473.3600
113	X	=	4630081.3800	Y	=	7656473.0200
114	X	=	4630075.2700	Y	=	7656472.5600
115	X	=	4630071.0600	Y	=	7656471.4000
116	X	=	4630066.9100	Y	=	7656470.1500
117	X	=	4630062.2300	Y	=	7656468.1200
118	X	=	4630058.4900	Y	=	7656466.3300
119	X	=	4630053.4300	Y	=	7656463.4100
120	X	=	4630046.7600	Y	=	7656460.0500
121	X	=	4630041.1300	Y	=	7656457.7200
122	X	=	4630036.9900	Y	=	7656456.0400
123	X	=	4630027.9900	Y	=	7656453.0100
124	X	=	4630022.7900	Y	=	7656451.3900
125	X	=	4630016.0000	Y	=	7656449.4100
126	X	=	4630011.1600	Y	=	7656448.2900
127	X	=	4630007.9200	Y	=	7656445.8000
128	X	=	4630003.2100	Y	=	7656442.3100
129	X	=	4630000.4400	Y	=	7656440.8100
130	X	=	4629996.4300	Y	=	7656439.4300
131	X	=	4629991.6500	Y	=	7656438.2900
132	X	=	4629986.3100	Y	=	7656437.2200
133	X	=	4629980.4500	Y	=	7656436.6600
134	X	=	4629977.4900	Y	=	7656436.3900
135	X	=	4629976.7500	Y	=	7656443.2100
136	X	=	4629976.9400	Y	=	7656445.6700
137	X	=	4629977.1800	Y	=	7656448.9900
138	X	=	4629971.5400	Y	=	7656449.4700
139	X	=	4629949.4100	Y	=	7656449.0900
140	X	=	4629950.2600	Y	=	7656455.5200
141	X	=	4629958.3500	Y	=	7656463.8800
142	X	=	4629951.7200	Y	=	7656483.8800
143	X	=	4629935.5900	Y	=	7656486.3300
144	X	=	4629913.4400	Y	=	7656493.5700

145	X	=	4629919.2500	Y	=	7656495.1600
146	X	=	4629871.2700	Y	=	7656552.8700
147	X	=	4629784.7700	Y	=	7656630.2800
148	X	=	4629760.8400	Y	=	7656654.6100
149	X	=	4629751.4200	Y	=	7656689.7700
150	X	=	4629751.4200	Y	=	7656713.3600
151	X	=	4629750.2100	Y	=	7656749.9700
152	X	=	4629782.5000	Y	=	7656833.6900
153	X	=	4629806.7700	Y	=	7656918.1500
154	X	=	4629807.1100	Y	=	7656941.5000
155	X	=	4629800.9500	Y	=	7657004.6300
156	X	=	4629777.1800	Y	=	7657040.3900
157	X	=	4629773.7200	Y	=	7657111.2200
158	X	=	4629760.9400	Y	=	7657185.8600
159	X	=	4629754.9200	Y	=	7657218.0200
160	X	=	4629755.2300	Y	=	7657259.1400
161	X	=	4629756.9200	Y	=	7657296.7700
162	X	=	4629757.1400	Y	=	7657359.2400
163	X	=	4629755.0700	Y	=	7657391.3800
164	X	=	4629733.5200	Y	=	7657545.5800
165	X	=	4629740.3900	Y	=	7657558.5800
166	X	=	4629739.8800	Y	=	7657568.6000
167	X	=	4629731.3700	Y	=	7657585.1500
168	X	=	4629734.9200	Y	=	7657601.7200
169	X	=	4629726.9000	Y	=	7657612.0800
170	X	=	4629728.5600	Y	=	7657645.0700
171	X	=	4629731.5100	Y	=	7657652.0500
172	X	=	4629726.2400	Y	=	7657666.2900
173	X	=	4629734.0300	Y	=	7657672.9800
174	X	=	4629733.5100	Y	=	7657680.0700
175	X	=	4629738.7900	Y	=	7657692.9800
176	X	=	4629729.0300	Y	=	7657703.1100
177	X	=	4629729.7800	Y	=	7657713.0800
178	X	=	4629733.7600	Y	=	7657715.6600
179	X	=	4629744.6600	Y	=	7657737.9700
180	X	=	4629738.5400	Y	=	7657745.9300
181	X	=	4629725.8800	Y	=	7657746.9000
182	X	=	4629714.8700	Y	=	7657752.7700
183	X	=	4629714.6100	Y	=	7657780.8200
184	X	=	4629706.9600	Y	=	7657806.6400
185	X	=	4629706.4300	Y	=	7657839.2900
186	X	=	4629707.6500	Y	=	7657852.9400
187	X	=	4629708.3500	Y	=	7657866.6900
188	X	=	4629708.2700	Y	=	7657883.6600

189	X	=	4629708.9800	Y	=	7657913.7800
190	X	=	4629708.9800	Y	=	7657948.4400
191	X	=	4629710.7300	Y	=	7657978.7100
192	X	=	4629716.8700	Y	=	7657991.3800
193	X	=	4629716.3800	Y	=	7658002.8400
194	X	=	4629709.0600	Y	=	7658015.5800
195	X	=	4629705.8800	Y	=	7658040.2300
196	X	=	4629695.3600	Y	=	7658076.2900
197	X	=	4629690.4000	Y	=	7658105.1900
198	X	=	4629698.3700	Y	=	7658140.9800
199	X	=	4629697.8300	Y	=	7658152.0700
200	X	=	4629685.9300	Y	=	7658206.1900
201	X	=	4629685.8000	Y	=	7658277.9600
202	X	=	4629655.6800	Y	=	7658314.5600
203	X	=	4629662.0600	Y	=	7658332.0700
204	X	=	4629662.9400	Y	=	7658336.5400
205	X	=	4629669.5000	Y	=	7658330.0400
206	X	=	4629675.8400	Y	=	7658325.5200
207	X	=	4629684.0800	Y	=	7658320.5600
208	X	=	4629693.7800	Y	=	7658316.6500
209	X	=	4629703.7800	Y	=	7658313.8900
210	X	=	4629714.1600	Y	=	7658312.2900
211	X	=	4629726.0200	Y	=	7658310.4300
212	X	=	4629733.4100	Y	=	7658310.0800
213	X	=	4629744.6500	Y	=	7658309.9200
214	X	=	4629755.3300	Y	=	7658311.1700
215	X	=	4629758.8300	Y	=	7658312.0100
216	X	=	4629769.7200	Y	=	7658315.5100
217	X	=	4629781.4700	Y	=	7658320.5100
218	X	=	4629790.1000	Y	=	7658324.8900
219	X	=	4629797.6200	Y	=	7658329.2600
220	X	=	4629809.8200	Y	=	7658336.9400
221	X	=	4629817.2700	Y	=	7658343.0600
222	X	=	4629822.4300	Y	=	7658348.7400
223	X	=	4629827.6500	Y	=	7658354.3700
224	X	=	4629832.2500	Y	=	7658361.1800
225	X	=	4629837.3400	Y	=	7658370.3800
226	X	=	4629840.9700	Y	=	7658376.7500
227	X	=	4629846.1700	Y	=	7658385.1800
228	X	=	4629853.2400	Y	=	7658395.6000
229	X	=	4629855.9900	Y	=	7658399.7500
230	X	=	4629857.4900	Y	=	7658403.5600
231	X	=	4629858.4400	Y	=	7658407.9400
232	X	=	4629859.0600	Y	=	7658412.1200

233	X	=	4629861.7100	Y	=	7658418.1000
234	X	=	4629864.1600	Y	=	7658423.3900
235	X	=	4629866.8300	Y	=	7658431.7600
236	X	=	4629868.3700	Y	=	7658437.1500
237	X	=	4629871.8500	Y	=	7658446.2300
238	X	=	4629873.2100	Y	=	7658452.3900
239	X	=	4629874.0600	Y	=	7658456.7300
240	X	=	4629876.4400	Y	=	7658466.1100
241	X	=	4629878.5500	Y	=	7658474.2300
242	X	=	4629879.5300	Y	=	7658480.6600
243	X	=	4629879.8400	Y	=	7658487.5900
244	X	=	4629879.3900	Y	=	7658497.5200
245	X	=	4629879.9700	Y	=	7658504.5200
246	X	=	4629881.9100	Y	=	7658512.1600
247	X	=	4629884.1796	Y	=	7658517.6960
248	X	=	4629887.1700	Y	=	7658516.4700
249	X	=	4629898.9000	Y	=	7658499.8800
250	X	=	4629895.5300	Y	=	7658485.3600
251	X	=	4629905.4900	Y	=	7658453.9900
252	X	=	4629905.6000	Y	=	7658422.0000
253	X	=	4629897.1200	Y	=	7658394.2500
254	X	=	4629904.9000	Y	=	7658377.6900
255	X	=	4629893.0200	Y	=	7658374.0200
256	X	=	4629877.8400	Y	=	7658361.7400
257	X	=	4629869.7400	Y	=	7658348.7800
258	X	=	4629884.0900	Y	=	7658336.1800
259	X	=	4629872.4000	Y	=	7658311.4300
260	X	=	4629868.6200	Y	=	7658262.0800
261	X	=	4629875.4700	Y	=	7658236.6700
262	X	=	4629897.9000	Y	=	7658230.5700
263	X	=	4629906.3700	Y	=	7658218.1300
264	X	=	4629900.9700	Y	=	7658204.3300
265	X	=	4629905.8600	Y	=	7658191.4300
266	X	=	4629922.0900	Y	=	7658188.5400
267	X	=	4629951.3400	Y	=	7658110.2700
268	X	=	4629950.8600	Y	=	7658097.2500
269	X	=	4629929.9800	Y	=	7658101.2800
270	X	=	4629916.8600	Y	=	7658085.6500
271	X	=	4629922.9800	Y	=	7658072.4400
272	X	=	4629923.9000	Y	=	7658054.4200
273	X	=	4629936.1000	Y	=	7658051.0400
274	X	=	4629964.3600	Y	=	7658043.0200
275	X	=	4630023.5800	Y	=	7658032.6500
276	X	=	4630060.4800	Y	=	7658026.8800

277	X	=	4630031.2200	Y	=	7658004.4100
278	X	=	4630121.2500	Y	=	7657985.7800
279	X	=	4630129.3500	Y	=	7657969.1400
280	X	=	4630115.1000	Y	=	7657958.8800
281	X	=	4630073.1000	Y	=	7657961.0100
282	X	=	4630040.7300	Y	=	7657958.4100
283	X	=	4630069.3400	Y	=	7657936.6600
284	X	=	4630137.3500	Y	=	7657935.2800
285	X	=	4630120.4700	Y	=	7657826.0100
286	X	=	4630145.6100	Y	=	7657746.9900
287	X	=	4630140.8400	Y	=	7657676.9400
288	X	=	4630174.8600	Y	=	7657646.2700
289	X	=	4630126.8600	Y	=	7657580.8600
290	X	=	4630180.4900	Y	=	7657504.1300

Границите на прелиминарниот плански опфат се прикажани во графичкиот дел на оваа проектна програма. Површината на прелиминарниот планскиот опфат изнесува 1004853,4503m², односно 100,49 ха.

Површината на прелиминарниот планскиот опфат изнесува 1004853,4503m², односно 100,49 ха. Површината на планскиот опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот од Агенијата за планирање на просторот изнесува 99,03 ха. Разликата од 1,46 ха повеќе се јавува бидејќи во предложениот плански опфат кој беше доставен за издавање на Услови за планирање на просторот беа изземени столбовите на далекуводот кој го сече опфатот и пристапот до нив. Во прелиминарниот плански опфат предложен со оваа планска програма влегуваат и пристапот и столбовите на далекуводот. Заради тоа прелиминарниот плански опфат предложен со оваа планска програма е за 1,46 ха поголем.

Прелиминарниот плански опфат во понатамошната изработка на урбанистичкиот план може да претрпи измени, односно ќе се уточни во фаза на изработка на урбанистичкиот план.

- СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

За отпочнување на изработка на Планската програма за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево валидна е ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАТУС НА СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИОНЕН ПРОЕКТ одобрена од Влада на Република Северна Македонија со број 40-12276/1 од 07.12.2021 година и објавена во службен весник на РСМ бр. 276 од 13.12.2021 година.

Согласно барањата на нарачателот се изработува УППГДЗ – Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на Површински и соларни фотоволтаични електрани (за производство на електришна енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево.

Основа за планирање на предметниот опфат се:

- претходно направени истражувања
- општи и посебни барања на нарачателот.

Специфичните потреби на подрачјето во рамки на опфатот кои треба да се задоволат со овој Урбанистички план се:

- планирање и овозможување на услови за градба на градби со намена Е1.8 Инфраструктури за пренос на електрична енергија
- планирање и овозможување на услови за градба на градби со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани
- планирање на површини за градба
- планирање на потребна инфраструктура.

Можности за просторен развој на подрачјето во рамки на опфатот произлегуваат од потребите за обезбедување на чиста енергија, условено од условите за планирање на просторот, конфигурацијата на теренот и природните услови и ограничувања.

Претходно за предметниот плански опфат не се изработени плански документации.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на прсторот и поставување на планските концепции и решениа по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република.

- ОПШТИ ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО И ПРОГРАМСКИТЕ СОДРЖИНИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови.

Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови.

Основа за изработка на урбанистичкиот планови се Условите за планирање на просторот и оваа проектна програма. Урбанистичкиот план се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), Правилникот урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18 и 42/20).

Со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево треба да се постигнат следниве цели:

- Усогласување на планот со поставките од Просторниот план на РСМ;
- Хармонизација на просторот;
- Рационално користење на земјиштето;
- Ефикасно инфраструктурно поврзување и опремување на просторот;
- Вклопување или реконструкција на постоечки градби и инфраструктура;
- Обезбедување услови за одржлив локален економски развој и нови работни места;
- Вградување на мерки за заштита на животната средина, природното и културното наследство;
- Вградување мерки за справување со отпад, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот;
- Вградување мерки за заштита и спасување;
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

Планските решенија треба да бидат засновани на сознанијата и заклучоците изведени од анализата на постојната состојба, како и на податоците добиени од правните субјекти од областа на комуналната инфраструктура, културното наследство, заштитата и спасувањето и сл.

- ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО И ПРОГРАМСКИТЕ СОДРЖИНИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Со Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево, да се дефинираат површините за градба на предвидените објекти и урбанистичките параметри, да се дефинира решението на внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај и приклучокот на пристапниот пат, севкупното уредување на партерот и зеленилото во градежната парцела, како и да се дадат решенија за инфраструктурата.

Предвидената намена на градежните парцели, според класификацијата на градбите и намените од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) ќе биде:

Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани

Со урбанистичкиот план, ќе се дефинираат урбанистички параметри за изградба на Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност над 10 MW, вклучително со придружни објекти.

Точната просторна диспозиција и организација на сите градби ќе биде со разработена преоктна документација.

Од технички аспект, при изработка на проектната документација да се има во предвид дека локација на фотоволтажната плантажа (централа) со моќност над 10 MW се наоѓа во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево. Површината на прелиминарниот планскиот опфат изнесува 1004853,4503m², односно 100,49 ха.

Површината на прелиминарниот планскиот опфат изнесува 1004853,4503m², односно 100,49 ха. Површината на планскиот опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот од Агенијата за планирање на просторот изнесува 99,03 ха. Разликата од 1,46 ха повеќе се јавува бидејќи во предложениот плански опфат кој беше доставен за издавање на Услови за планирање на просторот беа изземени столбовите на далекуводот кој го сече опфатот и пристапот до нив. Во прелиминарниот плански опфат предложен со оваа планска програма влегуваат и пристапот и столбовите на далекуводот. Заради тоа прелиминарниот плански опфат предложен со оваа планска програма е за 1,46 ха поголем.

Од аспект на Заштита на културното наследство потребно е да се почитуваат одредбите од Услови за планирање на просторот:

− Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската Општина Негрево и Црник има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитет.

− При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

− Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19) односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Од Насоките за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина потребно е да се почитуваат одредбите од Услови за планирање на просторот:

− При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани КО Црник и КО Негрево Општина Пехчево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Согласно Законот за урбано зеленило, во рамките на градежната парцела да се предвидат зелени површини на најмалку 20% од површината на парцелата.

- ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА, ИНФРАСТРУКТУРА И СООБРАЌАЕН ПРИСТАП

Со урбанистичкиот план потребно е да се обезбеди квалитетна комунална и сообраќајна инфраструктура, во согласност со можностите и капацитетите на локалитетот.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  А3 – Крстосница Требениште-врска со А2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија (граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.
- Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

  Р1302 – (Делчево-врска со А3-Пехчево-Берово-Дабиле-врска со А4).
- При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16) како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Со урбанистичкиот план се планира сообраќаен пристап до локалитетот да биде преку некатегоризираниот пат на исток од планскиот опфат преку КП 2577 КО Негрево кој е инвентаризиран како пристапен некатегоризиран земјен пат. Исто така бидејќи постојат услови сообраќаен пристап до локалитетот се планира и од запад од планскиот опфат преку КП 3366 КО Црник кој е инвентаризиран како пристапен некатегоризиран земјен пат.

Со урбанистичкиот план ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови за кои е пожелно да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти.

- СОДРЖИНА

Содржината и графичката обработка на урбанистичкиот план треба да бидат во согласност со член 60 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) и со одредбите од Правилникот урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Урбанистичкиот план ќе се изработува врз ажурирана геодетска подлога, насоките од оваа проектна програма, просторни анализи на постојната состојба и можностите за развој.

При изработка на урбанистичкиот план потребно е да се почитуваат одредбите од Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторен план на РМ (Тех. бр. Y06023 од февруари 2023) и Решение за Услови за планирање на просторот (Арх. бр. УП1-15 366/2023 од 08.03.2023) од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ како и да се обезбедат податоци од надлежните институции во врска со постојната комунална инфраструктура, културно наследство, мерки за заштита и спасување и сл.

Изработиле:

Наташа Влчевска Савиќ, д.и.а.

Гордана Караѓуле-Ристеска, д.и.а.

Јане Стојаноски, д.и.а.

Скопје, Март 2023 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ул. Борис Кидриќ 8 - 2 326 Пехчево тел./факс +389(0)33/441-321
Е-пошта:opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 11-392/1
20.03. 2023 год
ПЕХЧЕВО

ДО:

ТАЈФА-ПЛАН

Ул. Васил Главинов бр. 3-2/8

Скопје

П О Т В Р Д А

По барање на правното лице ТАЈФА-ПЛАН, одделението за урбанизам при општина Пехчево потврдува дека катастарските парцели **КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2 КО Црник** и **КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3 КО Негрево - Општина Пехчево** се наоѓаат надвор од опфат на урбанистичко планска документација.

20.03.2023. год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Одделение за урбанизам

Љупчо Галазов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 11-389/1
20.03. 2023 год
ПЕХЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ул. Равен бр.8 – 2326 Пехчево тел./ факс. +389(0)33/44 – 321

Е- пошта : opstina _pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

ДО

Друштво за планирање, проектирањ и инжинеринг
ТАЈФА ПЛАН - ДОО Скопје
ул."Васил Главинов" бр. 3-2/8

П Р Е Д М Е Т: Известување

Почитувани,

Ве известуваме дека предметниот плански опфат приложен во ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (до 100 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево, нема конфликт со тековни или предходно донесени урбанистички планови, проекти или проектни документации.

Општна Пехчево дава пзитивно моислење во однос на намените на земјиштето и планираните градби од предметниот плански опфат односно:
Е-Инфраструктура
Е1- Сообраќајна, линиска и друга инфраструктура
Е1.13- Површински соларни фотоволтавични панели
Е1.8 – Инфраструктура за пренос на електрична енергија

Изработил:

Љупчо Галазов

Градоначалник:

Александар Китански

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

20212754397

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 декември 2021 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАТУС НА СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИОНЕН ПРОЕКТ

Член 1

Со оваа одлука проектот „Хец Солар“ на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ХЕК СОЛАР МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Киро Крстевски бр.33-1 Скопје, со ЕМБС 7531290 и ЕДБ 4058021540016, поднесен со Барање за добивање на статус на стратешки инвестиционен проект со бр. 02-1167/18 од 23.11.2021 година, по објавен јавен повик на 31.1.2021 година, се утврдува со статус на стратешки инвестиционен проект.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-12276/1
7 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис,

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 366/2023

Дата: 08-03-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево.**

- Предвидената моќност на фотоволтаичните електрани е до 100 MW.
- Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 99,03 ха.
- Планскиот опфат зафаќа земјиште од 3-та бонитетна класа.
- Согласно основните цели и одредби од Просторниот план: "Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y06023** се составен дел на Решението.
3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 225/20).
4. Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 49262 од 01.02.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 366/2023 од 17.02.2023 година.

Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
MINISTRIA E MJEDISIT JETESOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y06023

Скопје, февруари 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Министерство за транспорт и врски

Тех. бр. Y06023

Раководител на задачата
Владимир Кузмановски, д.е.к.

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.

Агенција за планирање на просторот
Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, февруари 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево,

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот. Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава решение за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот се наменети за поставување на **површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е до 100MW. Површината на планскиот опфат изнесува 99,03 ha.**

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**


Основни определби на Просторниот план

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.**

